***ЧЕКОРОТ НА СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ ВО МУГРИТЕ НА ДРЕВНИОТ ОХРИД***

Преродбеник, херој, учител и творец
беше ти, Клименте на твоето време борец.
Херојски се бореше за твојот народ древен
и остави траги на охридскиот гребен.

Се појави ти светителе,
Клименте-наш драг учителе
на Охрид му дари светлост,
а во моето срце остави траг од вечност.

Чекорот твој во ноќта долга
во мислите мои древноста ја буди,
во душата твоја света пламен гори
и срцето твое за писменост се бори.

Клименте, успеа да го осветлиш патот на тој древен народ,
успеа да го побудиш жарот
на тоа време кое како скитник бедно
за словото твое беше жедно.

Зар само ти имаш очи
да го видиш градот на светлината,
кој во квечерините сведочи
за твоите големи дела под сјајот на месечината.

Ја слушам мелодијата на букви и зборови гласни

поттикнувајќи го нардот со радост сред мугрите матни.

Всеа во секое срце топлина и вечност страсна

и никулецот на писменост вчас го порасна.

Пукна зората,

Клименте, со твојата дејност ја раззелени гората.

Немите усни наскоро проговорија

и заеднички портите на писменоста ги отворија.

Шифра: 050321